Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 25.02.2022 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 100217/1 и 100217/2 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот ТЕМПО ТАКСИ ДООЕЛ Битола со адреса на ул.Ѓорче Петров бр.40, 7000 Битола, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 100217/1 и 100217/2 на корисникот ТЕМПО ТАКСИ ДООЕЛ Битола со адреса на ул.Ѓорче Петров бр.40, 7000 Битола.

Корисникот ТЕМПО ТАКСИ ДООЕЛ Битола до Агенцијата за електронски комуникации на 24.02.2022 година достави барање за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 100217/1 и 100217/2.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: **Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-87
Скопје,07.02.2022

Изработил: Раководител на одделение за фиксна
и мобилна служба: Радка Шекутковска
25.02.2022
Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски
Советник на Директорот за радиокомуникации, контрола
и мониторинг на радиофреквенции: Игор Бојаџиев

**Директор,**

**Jeton Akiku**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство